**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

# СТРАТЕШКИ ПЛАН 2022-2024

**Јануари, 2022 година**

**Содржина:**


1 ВОВЕД ..... 4

2 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ ..... 5

3 МИСИЈА ..... 15

4 ВИЗИЈА ..... 15

5 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МЛС ..... 15

6 СПЕЦИФИЧНОСТИ НА МЛС ..... 16

7 ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА МЛС ..... 16

8 ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ НА МЛС ..... 16

9 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ НА МЛС ..... 17

10 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2020 ГОДИНА ..... 19

11 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ И ПЛАНИРАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2021 ГОДИНА ..... 25

12 ПРОГРАМИ НА МЛС ..... 30

13 ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ..... 32

13.1 ПРОГРАМА 1 - Локална самоуправа ..... 32

13.2 ПРОГРАМА 2 - Рамномерен регионален развој ..... 43

13.3 ПРОГРАМА 3 – Територијална соработка ..... 58

14 ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ..... 68

15 ПРИНЦИПИ НА ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ ..... 70

16 ПРИНЦИПИ НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ..... 70

17 РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ ..... 70

17.1 Развивање политики и стратешко планирање/ подготвување на буџетот ..... 70

17.2 Извршување на буџетот и управување со средства ..... 71

17.3 Нормативно-правни и стручно-административни работи ..... 73

17.4 Управување со квалитет ..... 73

17.5 Управување со информациски технологии, транспарентност и видливост ..... 74

17.6 Управување со човечки ресурси ..... 75

17.7 Внатрешна ревизија ..... 78

**Листа на кратенки**

| | |
|---|---|
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| МФ | Министерство за финансии |
| ЕЛС | Единици на локална самоуправа |
| ЗЕЛС | Заедница на единиците на локална самоуправа |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЕК | Европска Комисија |
| ИКТ | Информациско-комуникациски технологии |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| СВОТ | Анализа на јаките и слабите страни, можностите и заканите |
| РГД | Работна група за децентрализација |
| ИПА | Инструмент за предпристапна помош |
| ТДО | Треба да се одреди |

# 1 ВОВЕД

Стратешкиот план на Министерството за локална самоуправа се однесува на плански период од три години и ги опфаќа сите аспекти на организација на работа, а тоа се: мисија, визија, цели, стратегии и план за имплементација.
Стратешкиот план на МЛС 2022-2024 е подготвен согласно со Програмата на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2020-2024 година и со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година, а врз основа на нормативната рамка за стратешко планирање, имајќи ги предвид расположливите човечки ресурси.
Стратешкиот план ги содржи стратешките приоритети и приоритетните цели на МЛС, коишто се насочени кон имплементација на владината програма, како и кон програми, проекти и активности за нивна реализација.
Овој стратешки план за појдовна точка ги има мисијата и визијата на МЛС, врз основа на стратешките приоритети на Владата во областа на локалната самоуправа и регионалниот развој, утврдени во владината програма.
Овој стратешки план претставува рамка за постигнување на целите и резултатите од новата Стратегија за регионален развој 2021-2031, Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македонија 2021-2026, како и од ИПА-програмите за прекугранична соработка.
Важно е да се истакне дека во Стратегијата за регионален развој 2021-2031 има посебен придонес за остварување на повисок степен на родова еднаквост при имплементација на политиката на рамномерниот регионален развој.
При подготовката на Планот се земени предвид следните начела:

- Поврзаност на мисијата на Министерството за локална самоуправа со надлежностите утврдени во Законот за организација и работа на органите на државната управа, како и во материјалните закони: Законот за локалната самоуправа, Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, Законот за градот Скопје, Законот за рамномерен регионален развој, Законот за меѓуопштинска соработка, Законот за државен инспекторат за локална самоуправа и Регулативата на Европската Унија за воспоставување и спроведување на инструментот за претпристапна помош за земјите од Западен Балкан и Турција.
- Реална остварливост и усогласеност меѓу целите и капацитетите на Министерството за локална самоуправа,
- Транспарентност и разбирливост за јавноста,
- Мерливост на очекуваните резултати преку јасни и транспарентни показатели на успешност.

Утврдените приоритети и цели на МЛС се во функција на спроведување на мисијата на Министерството и обезбедување на рамка за планирање,џџд во согласност со фискалната стратегија на Владата на Република Северна Македонија за планскиот период.

## 2 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Во рамките на анализата на состојбите првенствено се опфатени аспекти од областите за кои е надлежно Министерството за локална самоуправа, а тоа се: развој на локалната самоуправа и децентрализација и рамномерен регионален развој, како и оценка за состојбите од политички и економски аспект, од социјален аспект, од технолошки и материјален аспект и оценка на законодавната рамка во соодветните области.
Тука се стратешките документи на МЛС, и тоа: Стратегијата за регионален развој 2021-2031 (постоечка), Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македонија 2021-2026, како и ИПА-програмите за прекугранична соработка со Албанија, Бугарија, Грција, Косово и Србија, ИНТЕРРЕГ програма ЕУРО-МЕД 2021-2027, Транс-гранична соработка Балкан-Медитеран и ИНТЕРРЕГ - Трансанционална програма Адрион – програмирање за пост 2020 година; потоа, годишните буџетски програми на МЛС: Програмата за рамномерен регионален развој, Програмата за децентрализација и Програмата за прекугранична соработка.
Во овој контекст е значајно да се истакне дека во новата Стратегија за регионален развој 2021-2031, во посебен наслов е разработена родовата еднаквост, каде што покрај другото е наведено дека покрај обврските кон ЕУ, Република Северна Македонија, како земја-членка на Советот на Европа и на Организацијата на Обединетите нации (ООН), при креирањето на националните политики треба да се води од обврските поставени со Европската социјална повелба, како и од одредбите пропишани со конвенциите на ООН и Целите за одржлив развој од Агендата 2030 на ООН, особено цел 5 која се залага за постигнување родова еднаквост и зајакнување на сите жени и девојчиња.
Врз основа на претходен аналитички пристап (до сега се направени неколку функционални анализи), при подготвувањето на стратешкиот план правиме оценка на постигнатите резултати од спроведувањето на програмите (кои се во континуитет), потпрограмите и активностите за претходната година при што се има предвид извештајот за спроведувањето на Годишниот план за работа за претходната година и остварените резултати од првата половина во тековната година. Оценката е реална и објективна.

Локалната самоуправа е една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија. Уставот содржи одредби со кои се дефинира концептот на локалната самоуправа, се гарантира независноста на општините во остварувањето на нивните со закон утврдени надлежности, како и специфичниот статус на Град Скопје, како главен град на Државата и посебна единица на локалната самоуправа.
Република Северна Македонија територијално е организирана во 80 општини и Градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа, што произлегува од карактерот на Градот Скопје, како главен град на Република Северна Македонија.[1]
Општините се надлежни за вршење на работи во следните области: урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавањето на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште; заштитата на животната средина и природата; локалниот економски развој; комуналните дејности; културата; спортот и рекреацијата; социјална заштита и заштита на децата; основното и средното образование; здравствената заштита; заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра; противпожарна заштита; и други работи определени со закон.
Општините се финансираат од сопствени извори на приходи (локалните даноци, надоместоци и такси) и други извори на финансирање. Тие имаат право да се задолжуваат на домашниот и странскиот пазар на капитал, во согласност со закон. Дополнителни приходи се обезбедуваат преку дотации од Буџетот на Република Северна Македонија (дотација од ДДВ; наменски и

блок дотации за пренесените надлежности во основното и средното образование, културата и социјалната заштита и противпожарната заштита; и капитални дотации).
Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот за локална самоуправа, го усвои стратешкиот документ, т.е. ревидираната Програма за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македонија за 2015-2020, како основен плански документ за натамошен развој на локалната самоуправа и продолжување со започнатиот процес на децентрализација[2]. Воедно, Владата го усвои вториот Акциски план за реализација на Програмата, за периодот 2018 - 2020 година[3]. Планот содржи 123 активности за чие спроведување се овластени 26 државни институции, кои се финансираат со средства од: Буџетот на Република Северна Македонија, грантови од Европската унија, UNDP, Швајцарската агенција за развој и соработка; заемите од Светска Банка, KfW Банката и Банката за развој при Советот на Европа, и други извори на финансирање.
МЛС оперативно ја следи реализацијата на Акцискиот план и редовно ја известува Владата за остварувањето на целите и приоритетите на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македонија за 2015-2020.
Извештајот за реализацијата на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македонија 2015 – 2020 (*за периодот 2018 - прва половина на 2019 година*) констатира дека постои висок степен на подготвеност на сите чинители фокусот на децентрализацијата во моментов но и на кус рок да биде ставен на подобрување на рамката за финансирање на веќе пренесените надлежности и трансформирање на што е можно повеќе од споделените надлежности во целосно пренесени надлежности на општините зголемувајќи ја притоа нивната автономија, а во наредниот програмски период на среден рок фокусот да биде ставен на внимателно обмислување и процесирање на трансферот на нови надлежности. Во овој контекст, општините изразуваат потреба и се подготвени да прифатат нови надлежности но под услов да имаат висок степен на автономија во нивното спроведување и за нивно спроведување да бидат обезбедени доволно финансиски средства. Од своја страна, трансферот на нови надлежности налага измени на низа закони кои треба да се спроведат врз основа на продлабочена и прецизна оценка не само на финансиските импликации туку и на претспоставеното поширoко влијание врз локалниот социо – економски развој и заштитата на животната средина за што е потребно доволно време и подобрена координацијата по вертикала (Влада/министерства со општините) но и хоризонтала ( координација на ниво на органи на државната управа).
Со цел да се операционализираат заложбите на Владата, за продолжување на процесот на децентрализација, беше формирана работна група сочинета од претставници на Кабинетот на Претседателот на Владата на РСМ, Министерството за локална самоуправа и ЗЕЛС. Беше одржана и стратешка работилница со сите релевантни чинители (со исклучок на МФ) од која произлегоа следниве заклучоци:

- По однос на делегирање на административните услуги како што се изводите од матичните книги беше констатирано дека многу често овие изводи се издаваат од локалните власти под услов да има јасно дефинирани стандарди, обрасци и процедури и да се развие капацитет кај општините за гарантирање безбедност на податоците;
- Постои консензус меѓу МВР и ЗЕЛС за создавање на општинска полициска служба како добра меѓународна практика и надлежноста може да се прошири на вршење сообраќајна контрола како и асистирање на општинските инспектори во други локални сектори;
- Министерството за внатрешни работи е резервирано по однос на пренесување на надлежностите поврзани со издавањето возачки дозволи како и други лични

документи поради високите стандарди за безбедност на податоците кои треба да се исполнат;

- Да се забрза реформата на системот за управување со кризи, заштита и спасување на граѓани и добра и противпожарна заштита, за што е формирана засебна работна група, притоа се констатира дека овој систем по однос на меѓународните практики е најчесто дел од национален систем и тоа најмногу за потребата од ефикасна координација, стандардизација на процедурите, опремата и сл. Во овој контекст препорака е противпожарната заштита да се централизира;
- Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство е подготвено да пренесе надлежности поврзани со управувањето со земјоделското земјиште особено во делот на концесионирањето. Подготвени се да разгледаат можности за трансфер на надлежности за управување со пасиштата но претпочитаат трансформацијата на пасиштата во обработливо земјиште да остане во надлежност на МЗШВ. Исто така, МЗВШ изрази подготвеност за трансфер на надлежноста за регистрација на индивидуалните фарми, процедурата за аплицирање за субвенции, проследено со трансфер на дел од вработените кои ги вршат овие функции во моментов. ЗЕЛС од своја страна изрази резерва за прифаќање на овие надлежности од МЗВШ бидејќи ги смета за делегирани а не изворни со многу ограничена локална автономија при носење одлуки и голем административен товар за општините;
- Министерството за економија е подготвено да пренесе надлежности поврзани со управувањето со природните ресурси и целосно прибирање на приходи од страна на општините, но ова бара создавање соодветни капацитети и ефикасна инспекција на локално ниво;
- Министерството за здравство не поддржува дополнителен трансфер на надлежности од нивниот делокруг;
- Министерството за култура е воздржано по однос на редефинирање на мрежата на установи од културата но е подготвено за реформа на системот за финансирање на културата во насока на обезбедување на средства за дотации по жител покрај блок дотациите кои се поврзани со пренесените локални установи;
- По однос на трансфер на надлежности поврзани со социјалната заштита консензус постои само по однос на социјалното домување (надлежност на МТВ) а можност да се реализира овој трансфер постои со носењето на новиот Закон за домување. По однос на социјалната заштита, меѓународните практики укажуваат на трансфер на надлежност најмалку поврзано со идентификација на корисниците и обликување на соодветни услуги согласно нивните приоритетни потреби.

По однос на распределбата на надлежностите, може во моментов да се констатира дека не е докрај применето начелото на супсидијарност кое подразбира испорака на услуги на ниво на власт кое тоа може да го направи на најквалитетен, ефикасен и ефективен начин. Ова најпрецизно се илустрира со ограничениот делокруг на надлежност на општините во областите на социјалната заштита и на локалниот економски развој, иако овие области беа предвидени за посуштинска децентрализација со носењето на Законот за локална самоуправа во 2002 година. Во ЕУ подоследно се аплицира ова начело и на тоа укажува фактот дека над 70% од европското право се спроведува на субнационално ниво (региони и општини).

Врз основа на овие заклучоци, соодветни мерки и активности можат да се предвидат во тековниот Акциски План или во новата Програма за децентрализација за периодот 2021 – 2025 г.

Спроведено е истражување на задоволството на граѓаните од работата на органите на општината и услугите кои им ги обезбедуваат единиците на локална самоуправа во 2018 година покажува дека

- Испитаниците имаат дадено просечна оценка 3.1 од 5 за квалитетот на локалните услуги;
- Секој трет испитаник во руралните средини е незадоволен од квалитетот на локалните услуги (граѓаните најнезадоволни се од социјалната заштита, локалниот економски развој и заштитата на животната средина земајќи предвид дека барем во првите две области децентрализацијата е делумна а последната област иако децентрализира надлежности не е доволно проследена со обезбедување на соодветни финансиски средства и одвојувањата на средства од страна на општините се минимални.)
- Секој втор испитаник не прави разлика кое ниво на власт испорачува која услуга;

Врз основа на спроведената анализа на системот за финансирање на единиците на локалната самоуправа преку наменски и блок дотации утврдени се следните генерални проблеми и предизвици од исклучителна важност за унапредување како на системот на наменски/блок дотации така и на целокупниот систем на финансирање на ЕЛС4:

- ***Недоволно финансирање на единиците на локалната самоуправа***.

Уделот на локалните приходи, во однос на БДП, е значајно помал во споредба со други европски земји, како и земјите од регионот, иако ова не мора да биде релевантен податок за споредување на различните системи.

Општините во Република Северна Македонија собираат малку даноци и во голема мера зависат од трансфери од националниот буџет

- ***Децентрализацијата е институционална, а не функционална.***

Децентрализацијата во повеќето сектори во 2005 година претставувала пренос на институции на општините, а не и на функции. Поточно во дел од областите се пренесени надлежностите над дел од постоечките институции за разлика од целосното пренесување на надлежностите во други области.

- ***Незначителна вклученост на општините во финансирањето на децентрализираните сектори од сопствени извори***.

Поголемиот број децентрализирани институции, дури и детските градинки, се финансираат исклучиво со дотации од националниот буџет, со многу мали придонеси од сопствени приходи на локалните власти. Ова укажува дека поголемиот дел од општините пренесените надлежности/институции не ги гледаат како сопствени и се уште доминантната одговорност за истите ја поврзуваат со централната власт.

- ***Постои потреба од значително подобрување на ефикасноста со менаџирањето на локалните финансии од страна на општините.***

Потребно е почитување на постоечките, како и на дополнителни механизми за фискална дисциплина и системи за брза и насочена интервенција во случаите кога се појавуваат системски проблеми во финансирањето на ЕЛС. (пр. подобрување на процесот на планирање и реализација, значителен е уделот на плати итн.).

- ***Недоволна транспарентност и предвидливост.***

За најголем дел од општините дополнителен предизвик преставува добивање на навремена информација при утврдување на износите за блок дотациите (но и на капиталните дотации), при што се доведува во прашање транспарентноста и предвидливоста во планирањето.

- ***Постои потреба од допрецизирање на минимум стандарди*.**

Потребно е дополнително прецизирање на минимум стандардите кои се обезбедуваат преку блок дотациите, во смисла на рурални, урбани, големи и мали општини имајќи ги предвид нивните капацитети и задоволување на основните потреби на граѓаните и корисниците како крајни корисници на средствата.

- ***Превоз на ученици во средните училишта***

Постојан проблем на средно образование во изминатиот период е финансирањето на превозот на ученици до училиштата.

Откако беа распишани првите тендери за превозници, се покажа дека во многу случаи локалните приватни автобуски компании барале многу високи цени за превезување на учениците, неколку пати повисоки од комерцијалните стапки во истите географски подрачја. Но поради законската обврска, средните училишта немаа друг избор освен да ги прифатат овие високи цени и набрзо немале доволно средства за да ги платат услугите, што довело до задолжување.

Постојната состојба е дека во некои општини, главно како последица на тоа што постои јавен превоз, трошокот за превоз на учениците бил умерен и во склоп на распределените средства, што пак предизвикало доста поволна ситуација (како во општина Илинден), додека во други, сè поголемите школски долгови ја влошувале финансиската состојба на училиштата (како во општина Битола).

Со измените на законот за превоз во патниот сообраќај патен транспорт, некои од овие предизвици се надминати. Имено со донесените измени на Законот можно е да се избегне спроведувањето на постапки за јавни набавки кои се неизвесни и каде цените се повисоки од пазарните цени.

Оценката на постојните општински центри за услуги и идентификација на можности за развој на услугите - Едношалтерски системи за услуги покажува дека:

  - Вкупно 17 општини (од 62 анкетирани) имаат воспоставени оперативни едношалтерски системи (ЕШС);
  - Вкупно 29% од граѓаните во државата добиваат општински услуги со користење ЕШС во овие 17 општини;
  - 66% (41 од 62) од општините кои доставија информации изјавиле дека имаат одредени размислувања за воспоставување на ЕШС, но само 44% (27 од 62) сметаат дека е приоритет во нивното работење.
- Неопходни се дополнителни обуки за изградба на капацитети за ефикасно работење на ЕШС по нивното воспоставување и истите треба да претставуваат континуиран процес;
- Општините да обезбедат потребен простор и опрема за отварање ЕШС;
- Општините да пристапат кон стандардизација на процесите и услугите обезбедени преку едношалтерските центри, да се зголеми бројот и „унифицирањето“ на стандардните обрасци за услугите обезбедени од општините;
- Да се раззвие методологија за мерење на односот трошоци придобивки од воведувањето (промоцијата) на општински ЕШС, што вклучува и континуирана оценка на задоволството на крајните корисници од услугите обезбедени преку ЕШС;

- Согласно со Програмата на Владата на РСМ финансиски да се стимулира отварањето на општински центри за услуги.

Спроведената оценка на статусот и улогата на урбаните и месни заедници во локалното управување и начините за функционално подобрување ги евидентира барањата месната самоуправа да се организира преку правен субјект (*со сопствена сметка или подсметка во општината*) и да се обезбедат услови за постојано вработување на минимум едно лице, како и да се овозможи регионално групирање бидејќи има населени места со многу мал број на жители.

Покрај тоа, како можни начини за реализација на овие определби наведени се три можни опции:

- Промени во Статутите на единиците на локална самоуправа и Правилникот за работа на месните заедници со цел консолидирање на постоечката состојба и подобрувања во рамки на сегашниот статус;
- Измени и дополнувања во Законот за локална самоуправа:
  -Дефинирање на правната форма на месните и урбаните заедници;
  -Воспоставување на надлежност на советите на општините врз работата на месните и урбаните заедници, и дефинирање на истите;
  -Воспоставување на постојани комисии за месна самоуправа;
  -Дефинирање на системот на финансирање и оддржливост;
  -Дефинирање на начинот на ангажирање на граѓаните.
- Изработка на Закон за надлежностите на месната самоуправа заснован на Законот за локална самоуправа.

Клучни наоди од оценката на граѓаните за квалитетот на животот и локалните услуги во општините, во 2018 година:

- Генерално, поголемиот процент од граѓаните се задоволни од животот во нивната општина. Околу половина од граѓаните (49,7%) изјавиле дека се целосно задоволни или само задоволни од нивната општина како место за живеење, додека 43,9% се целосно задоволни или само задоволни од квалитетот на животот во нивната општина. Овој податок покажува зголемување во однос на 2017 година кога како задоволни од квалитетот на животот во својата општина се изјасниле 40%;
- Околу 48% од граѓаните изјавиле дека се целосно задоволни или само задоволни од нивната општина како место за пензионерите, односно старите лица, додека 43,8% се задоволни од безбедноста на заедницата во нивната општина;
- Најмало задоволство граѓаните изразуваат од општината како место за живеење на ранливите категории на сограѓани (28%);
- Вкупната средна оценка за задоволството од квалитетот на животот во општината во овогодинешното истражување изнесува 3,1 при што се забележува благ пораст на задоволството споредено со 2017 година кога вкупната средна оценка изнесувала 2,92. Испитаниците од руралните делови на земјата изразуваат поголемо незадоволство од оние кои живеат во урбаните делови;
- На прашањето "Дали правите разлика помеѓу услугите кои ги дава централната власт и услугите кои ги дава локалната власт?", повеќе од половина од анкетираните граѓани изјавиле дека им е јасно каде да се обратат (53,1%),

повеќе од четвртина изјавиле дека не им е доволно јасно и ретко кога знаат каде да се обратат (28%), додека останатите 19% од граѓаните воопшто не прават разлика помеѓу услугите кои ги обезбедуваат локалната и централната власт. Компаративната анализа укажува на пад од 14,8% во јасноста за граѓаните каде да се обратат во однос на услугите кои што ги нудат локалната и централната власт, споредено со 2017 година;

- Повеќе од една третина од граѓаните (35%) се задоволни од начинот на кој се менаџира општината. Речиси ист процент на граѓани (33,2%) се незадоволни. Слична е перцепцијата за општинските јавни претпријатија;
- 4 од 10 граѓани генерално се задоволни од услугите што ги обезбедува нивната општина. Добиените податоци покажуваат дека 6.9% од интервјуираните граѓани се целосно задоволни од услугите кои ги обезбедува општината, 32.8% се задоволни, 31.1% ниту задоволни ниту незадоволни, 21.4% не се задоволни, додека 6.8% од интервјуираните граѓани истакнале дека воопшто не се задоволни од услугите што ги обезбедува општината. Средната оцена за генералното задоволство на граѓаните од услугите што ги обезбедува општината, изнесува 3.12 (*во 2017 г., средната оцена изнесувала 3.09*);
- Највисокото ниво на задоволство во однос на сите испитани аспекти, се забележува кај противпожарната заштита (3.5) и образование, култура, спорт и рекреација (3.15). Најниско задоволство е изразено за социјалната заштита (2.32) и локален економски развој(2.43);
- Единствено 17,6% од граѓаните се изјасниле како предлагачи на иницијатива за решавање на проблем и прашање во нивната општина. Испитаниците од руралните подрачја изразуваат поголема подготвеност за иницијатива од оние кои живеат во градовите;
- 32,7% од испитаниците се информирани за работењето и услугите на општината во споредба со 37,9% во 2017 година;
- Половина од граѓаните (50,4%) изјавиле дека воопшто не се запознаени со граѓанските здруженија кои функционираат во нивната заедница, додека запознаеност со истите изразиле речиси двапати помал процент од анкетираните граѓани (21,5%).

Со процесот на итегрирање на Република Северна Македонија во Европската Унија беше препознаено значењето на регионалниот развој и потребата од интегриран пристап во балансирањето на развојот на државата.

Моделот за полицентричен развој подразбира алоцирање на средства и поголема поддршка на помалку развиените региони.

Политиката за рамномерен регионален развој се заснова врз принципите на програмирање, партнерство, усогласеност, кофинансирање, транспарентност, субвенционирање и одржливост.

За потребата за успешно планирање на регионалниот развој се воспоставени 8 плански региони:

Источен, Североисточен, Југоисточен, Југозападен, Пелагониски, Вардарски, Полошки и Скопски плански регион. Тие се територијални единици од статистика НУТС 3, утврдени со акт на Владата на Република Северна Македонија.

Законот исто така определува подрачја со специфични развојни потреби како гранични, рурални подрачја, ридско-планински подрачја, подрачја со природни богатства и културно

наследство заштитени со закон и други.

Во однос на планирањето на регионалниот развој, законот ги предвидува следните документи: Стратегија за регионален развој на Република Македонија (десетгодишен плански документ) и Програми за развој на планските региони (петгодишен плански документ). Надлежни институции и тела за рамномерен регионален развој се: Владата на Република Северна Македонија, Советот за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија, Министерство за локална самоуправа и Советите за развој на планските региони. Бирото за регионален развој и Центрите за развој на планските региони, исто така, учествуваат во планирањето на регионалниот развој и имплементацијата на планските документи. Советот за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија се соочува со задача да ја усогласи политиката за рамномерен регионален развој со секторските политики и со макроекономската политика на Владата на Република Северна Македонија. Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, надлежен за економски прашања, претседава со Националниот совет. Во согласност со законот, останати членови на Националниот совет се: 8 министри, 8 градоначалници и претседателот на ЗЕЛС.

До сега комплетно е заокружена нормативната и институционална рамка утврдени во законот, а исто така се донесени и потребните плански документи неопходни за спроведување на политиката.

За поттикнување рамномерен регионален развој предвидено е да се користат средства од Буџетот на РСМ, буџетите на единиците на локалната самоуправа, фондовите на Европската Унија и од средства обезбедени по основ на донации, еквивалентни на 1% од бруто домашниот производ. Овие средства се користат за финансирање на: проекти за развој на планските региони (70%), проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби (20%) и проекти за развој на селата (10%).

Иако средствата за поттикнување рамномерен регионален развој утврдени во Буџетот на Републиката во фискалната 2019 година се приближно двојно зголемени во однос на фискалната 2017 година, сепак, се уште не е постигнат лимитот од 1% од Бруто домашниот производ.

Со цел постигнување на утврдениот лимит, започнати се активности од страна на надлежните институции и тела, со кои ќе се поставаат основите за постепено функционално поврзување на политиката за рамномерен регионален развој со други секторски програми, кои имаат влијание врз политиката.

Како дел од структурите на Република Северна Македонија кои спроведуваат активности за искористување на Инструментот за претпристапна помош (ИПА), Националниот ИПА координатор – Заменикот на Претседателот на Владата на РСМ, одговорен за европски прашања во 2007 година, својата надлежност во однос на спроведување на територијалната соработка ја пренесе на Министесртвото за локална самоуправа. Со тоа официјално започна процесот на воспоставување на структурите во рамките на МЛС, кои ќе бидат одговорни за спроведување на овие програми.

МЛС воспостави Оперативна структура која е надлежна за спроведување на програмите за прекугранична соработка со земјите-аспиранти за членство во ЕУ (Албанија, Косово, Србија). За спроведување на програмите за прекугранична соработка со земјите-членки на ЕУ (Бугарија, Грција), како и за учество на Република Северна Македонија во програмите на транснационална соработка, АДРИОН (Програмата за транснационална соработка на земјите од Југоисточна Европа, и Програмата за транснационална соработка Балкан Медитеран), Министерот за локална самоуправа формира Национално тело за спроведување на овие програми.

Понатаму, во соработка со партнерските земји и одговорни институции, МЛС воспостави технички тела (заеднички технички секретаријати и антена-канцеларии) на територијата на РСМ и на територијата на партнерските земји со цел воспоставување на што поблизок контакт на програмите со потенцијалните корисници на грантови (општини, НВО, регионални центри, академски институции, јавни претпријатија, болници, училишта и др.).

Во моментот, во рамките на пет билатерални програми за прекугранична соработка и АДРИОН програма за транснационална соработка, функционираат следните заеднички технички тела:
1.Програма за прекугранична соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија 2007-2013 и 2014-2020/Заеднички технички секретаријат – Струга, РСМ/Антена канцеларија – Елбасан, Република Албанија.
2. Програма за прекугранична соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија 2007-2013 и 2014-2020/Заеднички технички секретаријат – Ќустендил, Р. Бугарија/, Заеднички секретаријат – Подрачна канцеларија – Струмица,РСМ.
3. Програма за прекугранична соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Грција 2014-2020/Заеднички технички секретаријат – Солун, р. Грција/Антена канцеларија – Битола, РСМ.
4. Програма за прекугранична соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Косово 2007-2013 и 2014-2020/Заеднички технички секретаријат – Куманово, РСМ 2010-2013, а Гљилане, Р. Косово 2014-2020/Антена канцеларија – Гњилане, Р. Косово 2010-2013, а Куманово, РСМ 2014-2020.
5. Програма за прекугранична соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Србија 2016-2020/Заеднички технички секретаријат – Лесковац, Р. Србија/Антена канцеларија – Куманово, РМ.
6.Програма за транснационална соработка Балкан Медитеран 2014-2020/Заеднички технички секретаријат – Солун, Р. Грција.

Цел на програмите за територијална соработка е интензивирање и поддршка на соработката меѓу субјектите од двете страни на границата во однос на зголемување на економскиот капацитет на регионите учесници во програмата, интензивирање на соработката во однос на зачувување на природното богатство, заедничко адресирање на предизвиците за заштита на животната средина и воспоставување на механизми за реакција при ризици од елементарни и природни непогоди во регионите кои ги покриваат програмите.
За постигнување на овие општи цели се дизајнираат повици за проектни предлози преку кои се таргетираат одредени групи на потенцијални корисници и одредени приоритетни оски. Со спроведување на проектите, кои се финансираат преку овие повици, се постигнуваат целите на

програмите за прекугранучна и транснационална соработка, а со тоа се придонесува кон подобрување на квалитетот на животот на населението од пограничните зони.
Во периодот 2014-2020 година, за спроведување на програмите за прекугранична соработка и програмата за транснационална соработка, на Република Северна Македонија и беа ставени на располагање околу 100 милиони евра, кои Владата на РСМ ги кофинансира со 15%.
До сега над 100 проекти добиле грант преку овие програми, а во текот на 2020 година се очекува:
- Склучување на договори за грант со 8 нови добитници од резервната листа од вториот повик за проектни предлози по Програмата за прекугранична соработка со Р. Бугарија
- Објавување втор повик за проектни предлози по Програма за прекугранична соработка со Грција,
-Објавување на повик за прибирање идеи за реализација на стратешки проект во рамки на Програма за прекугранична соработка со Р. Албанија,
-Објавување трет повик за проектни предлози по Програма за прекугранична соработка со Косово,
-Објавување прв повик за проектни предлози по Програма за прекугранична соработка со Р.Србија,
-Редовно сервисирање на барањата за национално кофинансирање од страна на добитниците на грантови по сите програми за територијална соработка,
-Мониторинг на активните проекти на терен,
-Обезбедување верификација на настанати трошоци за сите активни проекти по сите програми за територијална соработка,
- Обезбедување номинација на контролори на прво ниво, за проверка на подобно трошење на финансиите и буџетите на корисниците за сите активни проекти по програмите за територијална соработка со земјите членки на ЕУ (Бугарија и Грција) и транснационалната програма Балкан Медитеран,
- Подготовка на Социо-економска анализа за потребите на новиот програмски период на прекуграничната програма помеѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија 2021 – 2027;
-Редовна комуникација со ИПА-ревизорското тело за спроведување ревизорски активности поврзани со програмите за територијална соработка,
-Комуникација и координација со институциите во партнерските земји со цел успешно спроведување на програмите за територијална соработка,
-Комуникација со Делегацијата на Европската Унија во Скопје, Белград, Приштина, како и со Генералниот Директорат за соседска политика и проширување и Генералниот Директорат за урбана и регионална политика во Европската Комисија, кои се надлежни за спроведувањето на програмите за територијална соработка.

## 3 МИСИЈА

Унапредување на системот на локалната самоуправа за обезбедување на локални јавни услуги на ниво на утврдени стандарди согласно потребите на граѓаните, како и поттикнување и создавање на услови за динамичен територијален развој преку политиките за одржлив локален развој и рамномерен регионален развој со цел намалување на разликите во развојот на општините, како и во самите плански региони и помеѓу нив, на транспарентен и инклузивен начин.

## 4 ВИЗИЈА

Воспоставен децентрализиран и одржлив систем на локалната самоуправа кој обезбедува кохехзија на граѓаните, доставува квалитетни и стандардизирани локални јавни услуги и генерира балансиран развој на општините и планските региони.

## 5 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МЛС

- Подготовка на закони и подзаконски акти за уредување и за развој на системот за локална самоуправа и за рамномерен регионален развој,
- Следење на развојот и предлагање мерки за унапредување на локалната самоуправа;
- Следење и поттикнување на рамномерниот регионален развој;
- Следење на функционалноста на територијалната организација на локалната самоуправа;
- Поттикнување, поддржување и следење на меѓуопштинската соработка;
- Спроведување програми за прекугранична и транснационална соработка, согласно со одредбите од регулативата на Европската Унија за спроведување на инструментот за претпристапна помош (ИПА-прекугранична и територијална соработка).
- Водење на регистри и евиденции, согласно со закон (регистарот на грбовите и знамињата на општините, евиденција на воспоставените облици на меѓуопштинска соработка, евиденција на меѓународната соработка на општините, евиденција на облиците на месна самоуправа, евиденција за развојните потенцијали на општините и на планските региони.)

## 6 СПЕЦИФИЧНОСТИ НА МЛС

- Ги координира и следи интегралниот развој на општините, процесот на децентрализација, како и територијалната организација на локалната самоуправа.
- Предлага и спроведува политики за рамномерен регионален развој на државата;
- Ја спроведува втората компонента од ИПА Програмата –прекугранична соработка.

## 7 ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА МЛС

Во 2022 година не се планирани промени во организациската структура на МЛС.

На Сликата 1 подолу е прикажана организациската структура на МЛС.

## 8 ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ НА МЛС

Во наредните три години се планира преиспитување на статусот на Бирото за регионален развој и на Државниот инспекторат за локална самоуправа - органи во состав на Министерството за локална самоуправа, со својство на правно лице, врз основа на подготвена анализа.

Слика 1: Организациска структура на МЛС



# 9 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ НА МЛС

**Стратешки приоритет 1:**

Развивање на ефективен систем на локална самоуправа и одржлив локален развој

**Приоритетна цел 1:**

Воспоставување на ефективен систем за следење на функционалноста на единиците за локална самоуправа

**Приоритетна цел 2:**

Продолжување со процесот на децентрализација со одржливо финансирање на единиците за локална самоуправа и функционална месна самоуправа.

**Приоритетна цел 3:**

Поддршка на развојот на капацитетите на ЕЛС за доставување на административни и јавни услуги на ниво на утврдени стандарди, и зголемување на нивната транспарентност, отчетност и инклузивност преку зголемено учество на граѓаните во донесувањето одлуки.

**Приоритетна цел 4:**

Поддршка на интегрираниот и одржлив локален развој, преку воспоставување на правичен, објективен, солидарен, транспарентен и одржлив систем за финансиско воедначување на општините, во тесна соработка со ЗЕЛС.

**Стратешки приоритет 2:**

Поттикнување на рамномерниот развој, намалување на разликите во степенот на развиеност меѓу и во планските региони.

**Приоритетна цел 1:**

Надградување на политиките за рамномерен регионален развој и зголемување на годишните средства за рамномерен регионален развој.

**Приоритетна цел 2:**

Системско следење и евалуација на распределбата и трошењето на средствата од различни ресори кон планските региони, во согласност со степенот на развиеност.

**Стратешки приоритет 3:**

Поддршка на развојот на планските региони и на општините со средства од ИПА програмата за прекугранична соработка и други програми од ЕУ.

**Приоритетна цел 1:**

Обезбедување на достапност до средства од ИПА програмата за прекугранична соработка и други програми од ЕУ.

**Приоритетна цел 2:**

Зголемување на нивото на апсорбција на средствата од Европската Унија.

## 10 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2020 ГОДИНА

**Локална самоуправа**

1. Оценка на спроведувањето на Законот за локалната самоуправа.
2. Подготвување извештај за реализација на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во РСМ 2015-2020, за периодот 2018 година и прва половина на 2019 година.
3. Подготвување извештај за степенот на реализација на средствата од буџетот на МЛС за локални акциски планови за 2018 година.
4. Подготвување извештај за редефинирање на начинот и утврдување на критериумите за наменските и блок-дотациите за општините.
5. Извештај од спроведената анкета со ЕЛС, со наслов „Постоечка состојба по однос на капацитеот на локално управување и испорака на локални услуги во услови на криза и прогласена вонредна состојба, предизвикана од пандемијата со ковид-19.
6. Подготовка на Методологија за подготовка на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во РСМ 2021-2026.

**Рамномерен регионален развој**

1. Подготвена Програма за рамномерен регионален развој во 2020 година.
2. Подготвена Одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2020 година, во вредност од 321.580.000 денари.
3. Подготвена Уредба со законска сила за примена на Законот за рамномерен регионален развој во време на вонредна состојба.
4. Подготвена Програма за распределување на средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби во 2020 година, во вредност од 36,072,505 денари.
5. Подготвена Програма за распределување на средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2020 година, во вредност од 15.459.645 денари.
6. Подготвен Извештај за спроведување на Акциониот план за спроведување на Стратегијата за 2019 година.
7. Спроведено завршна евалуација на Стратегијата за регионален развој 2009-2019 и на Програмите за развој на планските региони 2015-2019.
8. Подготвен Предлог Закон за рамномерен регионален развој.
9. Подготвени и склучени договори помеѓу Министерството за локална самоуправа и осумте центри за развој на планските региони за финансирање на активностите и задачите на центрите за развој на планските региони за 2020 година.
10. Подготвен е нов Правилник за постапката и методологијата за оценувањето на предлог-проекти и подготвен е нов апликационен формулар и насоки за аплицирање на планските региони за проекти за рамномерен регионален развој.
11. Градење на капацитетите за социјално вклучување за регионален развој (сите нивоа)
12. Подготовка на програмите за развој на планските региони (2021-2025) на партиципативен начин.
13. Воспоставување механизам (форуми на заедницата) за поттикнување на учеството граѓаните во планирањето на регионално ниво, земајќи ги во предвид потребите на ранливите групи.

14. Подигнување на свесноста за регионалната политика и подготовка на промотивни материјали за регионален развој за МЛС преку подготвени брошури и промотивни видео-клипови.

**Територијална соработка**

1. ИПА програма за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Албанија 2014-2020.

Во периодот на известување за прекуграничната програма се имплементираат 3 проекти од првиот повик и 5 нови проекти од вториот повик на ИПА-прекуграничната програма МК-АЛ.

На 10. февруари 2020 г., во Скопје, беше организиран настан "Media brunch", средба со новинари на која учествуваа министерот за локална самоуправа г-дин Горан Милевски и раководителот за соработка во ДЕУ во МК г-дин Никола Бертолини, кои ги запознаа новинарите со тековната состојба со имплементацијата на прекуграничната програма МК-АЛ како и за идните активности. На истиот настан министерот во име на МЛС потпиша договори со корисниците на грантови од 1-от повик за поврат на износот на кофинансирање од активностите имплементирани на македонска страна во висина од 15%.
Осмиот состанок на Заедничкиот комитет за следење на ИПА прекугранична програма МК-АЛ 2014 -2020 беше организиран во хотел „Milenium" во Pogradec , Република Албанија на 12 -13 февруари 2020 година. На овој состанок членовите на заедничкиот комитет за следење на програмата, го одобрија годишниот извештај за имплементација на програмата за 2019 година како и работниот план на програмата за 2020 година.

На 12 февруари, 2020 година во хотел „Milenium" во Pogradec , Република Албанија се одржа воведен дводневен тренинг за корисниците на грантови од 2-от повик на ИПА прекугранична програма МК-АЛ.

На 25 и 26 февруари 2020 година, раководителот на ЈТС Струга и референтот за комуникација и видливост од ЈТС Струга, учествуваа на координативниот состанокот за комуникациско вмрежување за на ИНТЕРАКТ.

На 27 и 28 фебруари во хотел „Карпош" во Скопје се одржа обука за спроведување на набавки при имплементација на проектите од вториот повик.

Од Техничкта помош на програмата обезбедена е информатичка опрема за МЛС и ЗТС Струга: 2 лап топ компјутери, 2 принтери, 1 лцд проектор и 2 деск топ компјутери.

Од март 2020 година поради кризата предизвикана со корона вирусот сите координативни состаноци се организираа online преку zoom платформата.

Во периодот март – април 2020 година вработените во ЗТС Струга и Антната во Elbasan работеа од дома согласно препораките на здравствените власти во двете земји.

Во април 2020 се објавени огласи за финансиски референт и за практикант во ЗТС Струга. По завршените евалуации ангажирани се финансиски службеник и практикант во ЗТС Струга.

Во април 2020 година се реализирани првите мониторинг посети на проектите од 2-от повик преку „zoom" платформата.

Во април и мај 2020 година се одржаа серија на обуки и размена на искуства поврзани со online промоција на проектите и програмата.

Како поддршка во борбата со корона вирусот на 7. мај 2020 година за СВР Охрид се обезбедени и свечано се предадени од страна на министерот за локална самоуправа 2500 заштитни маски, 40,000 заштитни ракавици и средства за дезинфекција во вредност од 5000€. На општините од регионот од Елбасан им се доделени 150 пакети со храна за сиромашни семејства во вредност од 5000€. Средствата за оваа помош е обезбедена од техничката помош.

Во јуни започна процесот за стратегиско планирање и програмирање на ИПА 3 прекугранична програма МК-АЛ. На 30 јули преку zoom платформа ќе се организира првиот состанок на JTФ за програмирање на ИПА 3.

На почетокот на јули 2020 г. организирани се дополнителни мониторинг средби со проектите од првиот и втроиот повик во врска со имплементацијата на истите.

2.ИНТЕРРЕГ ИПА програма за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција 2014-2020.

Избраниот кандидат назначен за Координатор на Заедничкиот Секретаријат на програмата во Солун, започна со работа на ден 7 Јануари, 2020 год..
Основните упатства до сите корисници на проекти за внесување на податоци по електронски пат во централниот МИС систем на програмата при поднесување на прогрес извештаи како и новиот прирачник за употреба беа објавени на веб страната на програмата на ден 23 Јануари, 2020 год.Согласно упатството, сите прогрес извештаи заклучно 2018 год беа внесени како еден извештај.

На 6 Февруари 2020 година во Битола, Управачкото тело на Програмата (МА) од Грција, Националното тело (Министерство за Локална Самоуправа) и Заедничкиот секретаријат на програмата го организираше првиот Информативен форум за пребарување на партнери за потенцијални корисници на Вториот повик за предлози.

На 20. февруари 2020 год. во Солун се одржа вториот инфо-ден/форум за пребарување на партнери – потенцијални корисници на Вториот повик за проектни предлози.

Рокот за поднесување апликации за вториот (насочен и ограничен) повик за проектни предлози во програмата, кој првично беше на 10.03.2020 год., но беше одложен за 10.04.2020 год. поради ажурирање на нова верзија на апликацијата за вториот повик за предлози и на податоците од апликацискиот пакет на документи, потребни за повикот. Имајќи ги предвид случувањата со пандемијата на вирусот Корона и нејзиното влијание врз јавните и приватните субјекти потенцијални партнери во проекти, се реши да се продолжи рокот за доставување на предлог-проекти во рамките на вториот повик, до 29.05.2020 година.

Националното тело, (Министерство за локална самоуправа) во координација со Управувачкото тело на програмата објави информација до ИПА корисниците на проекти во

земјата во врска со состојбата и мерките превземени во борбата против корона вирусот КОВИД-19.

На 1 Април 2020 година, поради ситуацијата со КОВИД-19, министерот за локална самоуправа, м-р Горан Милевски, донесе Решение за онлајн работа и електронска обработка на сите поднесени барања за контрола на прво ниво (FLC), како и за барањата за национално кофинансирање на корисниците на грантови од сите IPA Програми, со електронско испраќање на документацијата до надлежните службени лица во Министерството за локална самоуправа.

3.ИПА програма за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија 2014-2020.

Во рамки на Вториот Повик на Програмата во имплементација се 17 договори во вкупна вредност од 5.367.283 евра. Корисници на грантовите од македонска страна се 5 општини (Дојран, Берово, Струмица, Конче и Куманово), 3 - те Центри за развој на планските региони (Југоисточен, Источен и Трет Северен плански регион), 2 Фондации за развој на мали и средни претпијатија ( Струмица и Куманово), ЈЗУ Клиничка Болница Штип и 3 друженија на граѓани.

Управувачкиот и Националниот орган на програмата за прекугранична соработка во Септември 2019 година, го започна процесот на подготвување на Програмата за прекугранична соработка помеѓу двете држави за следниот програмски период 2021 - 2027 година.

Во Софија, Р.Бугарија (Октомври 2019) е одржан првиот состанок на Заедничката работна група за новиот програмски период 2021-2027. Заедничката работна група е со мешовит состав на членовите од двете држави составен од вработени лица во Министерство за локална самоуправа во Република С. Македонија и вработени лица во Министерство за регионален развој во Република Бугарија и членови од минстерства, СЕП, Центри за регионален развој, општини и Стопанската комора.

Направени се посети на лице место на инвестиционите предлог проекти и преговори за буџет пред потпишување на предложените 8 нови договори за финасирање од резервната лисата.

Следува потпишување на 8 нови договори за финасирање, во рамките на вториот повик на Програмата и организирање обука за имплементација на проектите за новите корисници на грантовите.

4.ИПА програма за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово.

- Отворен третиот Јавен повик за предлог-проекти во вкупна вредност од 2,040,000 Евра.
- Одржан консултативен форум со градоначалниците, претставниците на канцелариите за локален економси развој, ЕУ сектори и Центрите за регионален развој каде се презентираше програмата и можностите за финансирање за Третиот Повик.
- Организирана обука за управување со проектен циклус за потенцијални апликанти каде

присуствуваа 40 учесници претставници на општини, центри за регионален развој и претставници на невладиниот сектор. Истите активности консултативниот форум и обуките на 19-20 Март 2019 се организираа и во Приштина.
- Организирани Инфо Денови кои се одржаа на 23. април во Призрен и на 25. април во Скопје, со цел долопнително промовирање на Третиот Повик за предлог проекти. На двете инфо сесии учествуваа над 100 потенцијални апликанти.
- Одржан 7-ми состанок на Управниот Комитет на програмата.
Реализирана Ревизија на трошоците на програмата.
- Организирана четврта рунда на мониторинг посети (вкупно 18 посети) со партнерите од двете страни на границата.
- Организирана обука за вработените во Заеднички теканички секретариа/Антена Канцеларија и претставници на Оперативните Структури за подготвување на потребна документација за грант апликација за Техничка Помош.
-На 06.01.2020 започна имплементацијата на вториот договор за Техничка помош за имплементирање на ИПА програмата за прекугрнична соработка Република Северна Македонија – Косово 2014-2020, кој го покрива периодот од 06.01.2020 до 06.12.2023.
Вкупните средства за грант предвидени за МЛС се 120.920,38 Евра средства на Европска Унија.

По завршување на третиот повик за предлог-проекти, потпишани се три нови проекти за имлементација. Добитници на проекти во Република Северна Македонија се: Општина Гази Баба, Општина Куманово и ЈП Водовод Куманово.

Исто така, во месеците мај и јуни 2020 г., Оперативната структура во соработка со Заеднички технички секретаријат/Антена-канцеларија, го подготви предлогот за Четвртиот Повик за Предлог Проекти со вкупен буџет од 2.040.000 Евра средства на Европска Унија. Повикот за предлог проекти беше одобрен во шестиот состанок на Заднички Комитет за Следење (JMC) на програмата одржан на 18 Мај 2020, и е испратен во Канцеларијата на ЕУ во Косово за припрема за објавување на Повикот.

Во февруари 2020 г. се одржа првиот координативен состанок меѓу Оперативните структури од двете земји и Канцеларијата на ЕУ во Косово, на кој се дискутираше за имплементација на новиот грант договор како и за активностите предвидени за 2020 година.

На 24 Март 2020, се одржа вториот координативен состанок меѓу Оперативните Структури и Канцеларијата на ЕУ во Косово. На овој состанок се анализираше ситуацијата со Ковид – 19, и начинот на имлементација на предвидените активности на програмата.

Во месец март се организираше петтиот круг на мониторинг и теренски посети во Северна Македонија. Исто така вработени на ЗТС/Антена-канцеларијата учествуваа на 7 настани од периодот јануари – март 2020 г. Посетите беа прекинати и целосно не се завршија поради ковид-19.

Во месец април 2020 г. се одржа и последниот, девети, состанок на Комитетот за управување на програмата (PSC), на кој беше одобрен финалниот извештај, наративен и финансиски, за сервис-договорот за техничка помош.

Во месец мај 2020 г., организирани се 12 онлајн обуки за пополнување на онлајн база на податоци и индикатори за сите 12 проекти финансирани преку програмата. Обуката беше одржана во соработка со CBIB+.

Во месеците јуни и јули 2020 г., ЗТС и Антена-канцеларијата работеа со Канцеларијата на ЕУ во Косово и грантистите за подготвување и доставување на Барањата и попратините документи за продолжување на рокот на имплементирање на проектите, кои беа паузирани арпил – јули 2020 г. Барањата се испратени до Канцеларијата на ЕУ во Косово и реализацијата на проектите ке продолжи од август 2020 г.

5.ИПА Програма за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија.

Заокружен процесот на селекција на еден Антена службеник кој е дел од структурата на Техничкиот секретаријат по оваа програма, а ќе работи на територија на Република Северна Македонија – Куманово.

- Отворен првиот Јавен повик за предлог проекти (25 Јули 2019)(EuropeAid/165171/ID/MULTI) во вкупна вредност од 1,260,000 евра. Одржан кик-оф настанот и Форумот за барање на партнерства во Лесковац-РС со присуство на министерот за локална самоуправа и министерот за Европски интеграции на Република Србија, претставници на Европската делегациј, градончалници, претставници на институции и на невладиниот сектор. Покрај тоа се организирани 4 инфо-сесии (2-МК , 2-РС) за презентација на апликацискиот пакет и одржани се обуки на потенцијалните апликанти. Се` уште се одвива процесот на евалуација на поднесените апликации.

- Одржан четвртиот состанок на Заедничкиот комитет за следење на ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија 2016-2020 , во писмена процедура(30 Декември 2019) на кој се одобрени Планот за работа на ЗТС и Планот за комуникација и видливост на Програмата.

- Одржан четвртиот состанок на Управувачкиот комитет на Програмата со посредство на Делегација на Европската Унија во Скопје и Делегација на Европска Унија во Белград, Република Србија (16. октомври 2019 г.), на кој е одобрен извештајот на надворешниот ревизор и презентиран и одобрен третиот Прогресен извештај на Програмата.

- Во октомври 2019 г. Одржан е технички состанок меѓу Оперативната структура на Министерството за локална самоуправа и претставници на Министерството за Европска интеграција на Република Србија во Белград, каде беше презентирано индиректното менаџирање на Програмата, нејзиното тековно имплементирање (под TASC) и подготвувањето на грант-договорот.

## 11 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2021 ГОДИНА

**Локална самоуправа**

1. Усвоена е  Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македоија за 2021 – 2026 година.
2. Усвоене  Акцискиот план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македоија за 2021 – 2026 година, за 2021 – 2023 година.
3. Донесена е Одлука за формирање на Координативно тело за следењето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македоија за 2021 – 2026 и на Акциските планови за за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македоија за 2021 – 2026 година.
4. Донесена Одлука за распределба на средствата остварени по основ на надоместок за птоизводство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2019 година.
5. Формирана е Работната група за утврдување на начин и критериуми за распределба на средства за поддршка на креирање и имплементација на локалните акциски планови за инклузија на Ромите на локално ниво во општините во населени места со претежно ромско население.
6. Донесена е Одлука за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година за поддршка на имплентација на Стратегија на Ромите.

**Рамномерен регионален развој**

1. Донесен е нов Закон за рамномерен регионален развој (*)( "Службен весник на РСМ" бр.24/21).
2. Донесена е Стратегија за регионален развој на РСМ 2021-2031.
3. Владата на Република Северна Македонија ја донесе двегодишната Програма за изменување на Програмата за рамномерен регионален развој во 2021 година Програмата за рамномерен регионален развој во 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година, на износ од 932.380.000 денари ( "Службен весник на РСМ" бр.84/21). Во наведениот документ, средствата за поттикнување рамномерен регионален развој се распределени по намени, врз основа на одредбите од Законот за рамномерен регионален развој (*).
4. Во функција на реализација на Програмата, во 2021 година се склучија договори за соработка помеѓу Министерството за локална самоуправа и центрите за развој на планските региони, во кои се дефинирани активностите и задачите на центрите за развој на планските региони и финансиската подршка за нивна реализација од Буџетот на Република Северна Македонија во тековната година. Обврските и финансиската подршка за нивна реализација утврдени во наведените договори се спроведуваат сукцесивно во текот на 2021 година. Конкретната финансиска подршка од

Министерството за локална самоуправа за 2021 година за секој центар за развој на планскиот регион изнесува по 1.235.000 денари.

5. Во функција на реализација на Програмата за рамномерен регионален развој во 2021 година, Владата на Република Северна Македонија ги донесе следните акти: • Одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби во 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година ( "Службен весник на РСМ" бр. 121/21) на износ од 124.875.000 денари со која се финансираат вкупно 41 проект. • Одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година ( "Службен весник на РСМ" бр. 121/21, 141/21) на износ од 124.875.000 денари, со која се финансираат вкупно 36 проекти. • Одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја во 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година ("Службен весник на РСМ" бр. 141/21) на износ од 122.863.522 денари, со која ќе се финансираат вкупно 24 проекти.
6. Министерот за локална самоуправа на 24.06.2021 година донесе Одлука за избор на проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите помеѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2021 година на износ од 74.853.900 денари, со која ќе се финансираат вкупно 22 проекти.
7. Министерот за локална самоуправа донесе нов Правилник за начинот и методологијата за оценувањето на предлог проекти ( "Службен весник на РСМ" бр. 62/21).
8. Подготвен е Правилник за утврдување на висината на средствата за исплата на центарот за развој на планскиот регион.
9. Подготвен е Формулар за аплицирање за проекти од Програмата за намалување на диспаритетите помеѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност.
10. Подготвени се насоки за поднесување на предлог - проекти од Програмата за намалување на диспаритетите помеѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност, за подносителите на предлог проектите.
11. Подготвен е нов Деловник за работа на Советот за рамномерен регионален развој
12. Организирани се пет седници на Советот за рамномерен регионален развој.
13. Донесени се Програми за развој на планските региони за периодот 2021-2026 година.
14. Подготвен е нацрт - правилник за утврдување на платите на директорите на центрите за развој на планските региони.

**Територијална соработка**

1. Одржани по два состаноци (вкупно 20) на Заедничките комитети за следење на сите 5 активни програми за прекугранична соработка и програмата за транснационална соработка.
2. Објавен четврти повик за предлог проекти на програмата за прекугранична соработка Република Косово – Република Северна Македонија со вкупна вредност од 2.040.000 Евра кој ги покриваше тематските приоритети: ТП2 Поттикнување на туризмот и културното и природното наследство и ТП3

Заштита на животната средина, промовирање на адапцијата кон климатските промени и намалување, спречување и управување со ризици.

3. Евалуацијата на апликации на Четвртиот Повик за предлог Проекти е во финална фаза и начелно во Канцеларијата на ЕУ во Косово е во фаза на преговори со три проекти кои треба да се потпишат до крај на Декември 2021.
4. Организиразни две Инфо Денови и Форуми за парнтерство во склоп на Четвртиот Повик за предлог проекти за програмата за прекугранична соработка со Косово. На настаните учествуваа вкупно 90 учесници, претставници на локалната власт, јавните претпријатија и граѓанските организации.
5. Креирана Заедничка Работна Група за програмирање на ИПА III 2021-2027 програма за прекугранична соработка со Косово. Одржани се седум состаници.
6. Процесот на програмирање на ИПА III 2021-2027 програма за прекугранична соработка со Косово заврши во Јули 2021 и финалната верзија на ИПА III програмата беше одоврена од Европската Комисија односно DG NEAR одговорна за спроведување на програмите за територијална и прекугранична соработка.
7. Потпишани Четири договори за национално кофинансирање со проектите финансирани преку Втори и Трети Повик за предлог проекти на програмата за прекугранична соработка со Косово. Потпишани довори со две општини, едно јавно претпријатие и една невладина организација.
8. Организирани две обуки за корисници на грантови со тема: “Подготвување на финални извештаи за прокети на ПГС“ во кои учествуваа 20 претставници на проекти.
9. Во Август 2021 заврши надворешната ревизија на Техничката Помош за Програмата Косово - Северна Македонија за периодот 2016-2019. Ревизијата беше извршена од страна на Deloitte кој утврди дека нема никакви забелешки во работата на МЛС при спроведување на истата техничка помош.
10. Организирано свечено отварање на Куќата за прекугрнична соработка во Приштина во кое ке биде сместен Заедничкиот Технички Секретариат на програмата со Косово. На настанот учествуваа Министрите за Локална Самоуправа на Северна Македонија и Косово како и Амбасадорот на ЕУ во Косово.
11. Реализирани се четири мотиниторинг посети на корисници на грантови во тек на 2021 година. Вкупно се реализирани 21 поедничени посети до корисници на грантови.
12. Организирани четири билатерални состаноци помеѓу Оперативните Структури: Министерство за локлна самоуправа на Северна Македонија и Министерството за управување со локлна самоуправа во Косово.
13. Се спроведе ИПА ревизорско тело на втора контрола за проектот Техничка помош ИПА СВС МК-СР. Севкупната документација во врска со спроведувањето и набавките за соодветната контрола беа достапни за увид на ревизорите.
14. Организирана јавна консултација за вториот драфт документ за ИПА 3 2021-2027 во рамките на програмата ИПА ПГС Србија- Северна Македонија.

15. Потпишани 7 договори во рамките на првиот повик на програмата Србија-Северна Македонија 2016-2020.
16. Организирани и спроведени 7 воведни он-лајн состаноци со добитниците на грантовите во рамките на првиот повик на програмата Србија-Северна Македонија 2016-2020.
17. Организирани и спроведени 7 мониторинг он-лајн состаноци со имплементаторите на грантовите во рамки на програмата Србија-Северна Македонија 2016-2020.
18. Подготвен имплементационият пакет за спроведување на проектите, организирана и спроведена он-лајн обука со добитниците на грантовите во рамки на првиот повик од програмата Србија-Серверна Македонија 2016-2020.
19. Организирани и спроведени 2 дневни он-лајн обуки за подговување на проекти(PCM) со потенцијални апликанти во рамки на вториот повик од програмата Србија-Северна Македонија 2016-2020.
20. Одржан он-лајн техички состанок помеѓу Оперативните структури на 2 те држани Србија-Северна Македонија.
21. Одржани 2 он-лајн состаноци на Заедничкиот комитет за следење на програмата.
22. Подготвен новиот TAGC и продолжување на постоечки TAGC со цел покривање на реновирање на Антена Канцеларијата во Куманово на програмата Србија-Северна Македонија 2016-2020.
23. Реализирана системска ревизија врз програмата од ИПА ревизорското тело, ревизорскиот извештај не се нагласени пропусти.
24. Се спроведуваа активности со цел да се подготви ИПА III Програмата за прекугранична соработка Србија-Северна Македонија за следната седумгодишна финансиска перспектива 2021-2027 година.
25. Потпишувани се вкупно 17 нови договори од Вториот повик со вкупна вредност од 5.367.283 евра за Програмата Бугарија – Северна Македонија и 8 нови договори од резервната листа од Вториот повик со вкупна вредност од 2.694.841 евра.
26. Организирана е обука за „Имплементација на проекти“ со 17 корисници на грант и со новите 8 корисници на грант од резервната листа од Вториот повик за Програмата Бугарија – Северна Македонија.
27. Започна процесот на подготвување на Програмата за прекугранична соработка помеѓу двете држави Бугарија – Северна Македонија за следниот програмски период 2021 - 2027 година.
28. Во Софија, Р.Бугарија се одржа првиот состанок на Заедничката работна група за новиот програмски период 2021-2027 за Програмата Бугарија – Северна Македонија.
29. Потпишани се договори за национално кофинасирање со 17 корисници на грант и со новите 8 корисници на грант од резервната листа од Вториот повик за Програмата Бугарија – Северна Македонија.
30. Направени се преговори за буџет, посета на инвестиционите предлог проекти на лице место пред потпишување на предложените 8 нови договори за

финасирање од резервната лисата за Програмата Бугарија – Северна Македонија

31. Се спроведе ИПА ревизорско тело на втора контрола за проектот Техничка помош ИПА СВС МК-СР. Севкупната документација во врска со спроведувањето и набавките за соодветната контрола беа достапни за увид на ревизорите.
32. Стратешки проект за граничен премин Клепало во рамки на новиот стратешки програмкси документ 2021-2027;
33. Финализрана е Финална нацрт верзија на документот логика на интервенција за период 2021-2027;
34. Формирапа е Работна група (Task Force) со членови од двете земји која е одговорна за подготовка на Integriranata територијалната стратегија, а која се однесува на приоритетите и целите од новиот програмски период;
35. Одржани се 4 состанока со номинираните членови на работната група (Task Force) од македонската страна и 3 состанока помеѓу Националниот и Управувачкиот орган на програмата;
36. Објавени се јавни консултации за Извештај за оцена на животната средина, на програмата и Прекуграничната стратегија за интегриран територијален развој.
37. Одржан е состанок со номинираните членови на работната група од двете страни, Националниот и Управувачкиот орган на програмата, а по иницијатива на Националниот центар за територијален развој од Република Бугарија (во улога на подготвувач на Интегрираната територијална стратегија). Целта на состанокот беше потребата за подготовка и започнување на Кампања за прибирање предлог проектни идеи кои ќе користат во имплементација на ИТС за да се постигне приодот од долу нагоре (bottom-up approach).
38. Реализирани вкупно 221 верификации на трошоци на ИПА проектни партнери и шест (6) верификации за проектот „Техничката помош“ за Оперативната структура на Националното тело на Програмата беа спроведени од страна на назначени контролори од прво ниво (FLC Controllers).
39. Се одржа петтиот Заеднички Комитет за Следење на Програмата со Грција, во кое беа презентирани прирачникот за спроведување на проекти со соодветните документи и техничките карактеристики од вториот повик за проектни предлози и беше проследена информацијата за текот на разговорите во рамките на подготовките на идните планирани активности од стратешкиот проект за граничниот премин Маркова Нога.
40. Се формира членството на Комитететот за програмирање за наредниот програмски период 2021-2027 во кое учествуваат 10 претставници односно по 5 од двете земји членки усесници во програмата.
41. Формиранио тело за проценка на ризици – спроведена специфична проценка на ризик по известување за наводен случај на неправилности кај корисник на IPA (проверка на лице место). Управувачкото тело на Програмата по пријавеното известување од контролорот на FLC „за наводен случај на неправилности на еден корисник на IPA проект“, и според специфичните методолошки чекори и индикативните критериуми за истражување на случајот, доставило упатства за истрагите за проценка на ризик до Националното тело и

назначената оперативна структура. Цел на истрагата беше да се утврди нивото на изложеност на ризик земајќи ја предвид веројатноста за појава и влијанието. Последователно, тим за проценка на ризик составен од делегирани членови на Националното тело го посети на лице место корисникот на IPA проектот на 23. февруари 2021 година. Извештајот на Националното тело за проценка на ризикот во наведениот случај беше доставен до Управувачкото тело во текот на првата недела од март 2021 година.

Според барањата на Европска Унија, и врз основа на описот на процедури во Системот за Управување и Контрола на Програмата (MCS) за шестмесечните програмски процедури за проценка на ризиците, Управувачкото тело во координација со Националното тело развија систем за испитување и спроведување соодветна постапка во случаји на наводни или реални случаји на неправилности и/или измама при спроведување на националното законодавство на двете земји и на Европската Унија. Националното тело ја обезбедува имплементацијата на механизмите за контрола и известување во согласност со регулативите на Комисијата (ЕС) 1303/2013 и 447/2014.

Усвојување на политики за целите (Policy Objectives - PO): • PO 2: Позелена Европа • PO 3: Повеќе поврзана Европа • PO 4: Повеќе социјална Европа • ISO 1: Подобро управување со соработката за ИПА 3.

42. Објабвен 3-от и последен повик за поднесување на проектни предлози во рамките на ИПА 2, со период на поднесување на концепт нота до 15 февруари 2021 година.
43. Организирани се 4-ри информативни сесии за 3-от повик преку ZOOM платформата. Со оглед на најавата за третиот CfP во рамките на оваа ИПА II CBC програма, беа организирани серија инфо-дневна сесија и прес-конференција за потенцијалните апликанти на третата CfP по објавувањето на повикот преку Интернет во декември 2020 година. Целта беше објавување на индивидуалните CfP со воведување на третиот CfP, наведување на критериумите и обезбедување упатства за процесот на апликација и детални информации за апликативниот пакет, особено упатствата за апликантите.
44. Ангажирани два практиканти, по еден за ЗТС во Струга и Антената во Елбасан.
45. Објавени се тендери за избор на консултанти за подготовка на спецификација за избор на соларни бродови и за оценка на најоптимална форма на претпријатие кое ќе стопанисува со бриодовите.
46. Организирани состаноци со преставници на МВР, царина на РСМ, Министерството за транспорт, и друг чинители поврзани со идејата за стратегиски проект „Охридско езеро – спојување на две земји во една дестинација“.

## 12 ПРОГРАМИ НА МЛС

Министерството за локална самоуправа за периодот 2022-2024 година има предвидено 3 програми кои се во функција на остварување на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2020-2022, стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година, како и на приоритетите и целите на Министерството.

Преку остварувањето на активностите предвидени во потпрограмите, Министерството за локална самоуправа ја остварува својата мисија и создава услови за приближување до посакуваната визија.

**ПРОГРАМА 1: Локална самоуправа**

- *Потпрограма 1.1:* Децентрализација
- *Потпрограма 1.2:* Добро раководење и подобрување на квалитетот на живеење
- *Потпрограма 1.3:* Интегриран одржлив локален/територијален развој на ЕЛС

**ПРОГРАМА 2: Рамномерен регионален развој**

- *Потпрограма 2.1:* Поттикнување на рамномерен регионален развој
- *Потпрограма 2.2:* Правна рамка за рамномерен регионален развој

**ПРОГРАМА 3: Територијална соработка**

- *Потпрограма 3.1:* Прекугранична соработка Македонија - Бугарија
- *Потпрограма 3.2:* Прекугранична соработка Македонија - Албанија
- *Потпрограма3. 3:* Прекугранична соработка Македонија - Грција
- *Потпрограма 3.4:* Прекугранична соработка Македонија - Косово
- *Потпрограма 3.5:* Прекугранична соработка Македонија - Србија
- Потпрограма 3.6: ИНТЕРРЕГ програма ЕУРО-МЕД 2021-2027
- Потпрограма 3.7: Транс-гранична соработка Балкан-Медитеран
- Потпрограма 3.8: ИНТЕРРЕГ - Трансанционална програма Адрион – програмирање за пост 2020 година

# 13 ПРОГРАМИ

## 13.1 ПРОГРАМА 1 - ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

**Оправданост и дизајн на Програмата 1**

***Образложение***

Програмата 1 - **Локална самоуправа** произлегува од:

1. **Стратешките приоритети и целите на Владата на РСМ, содржани во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети во 2022 година**:

**Стратешки приоритет:**

- Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните.

**Приоритетна цел:**

- унапредување на системот на локалната самоуправа, децентрализација на власта и зајакнување на капацитетите на општините.

2. **НПАА:**

- Поглавје: 1. Политички критериуми
- Подрачје: 1.1 Демократија и владеење на правото
- Сектор: 1.1.1 Влада

3. **Стратешките приоритети и приоритетни цели на Министерството за локална самоуправа:**

**Стратешки приоритет 1:** Развивање на ефективен систем на локална самоуправа и одржлив локален развој.

**Приоритетна цел 1:** Воспоставување на ефективен систем за следење на функционалноста на единиците за локална самоуправа.

**Приоритетна цел 2**: Продолжување со процесот на децентрализација со одржливо финансирање на единиците за локална самоуправа и функционална месна самоуправа.

**Приоритетна цел 3:** Поддршка на развојот на капацитетите на ЕЛС за доставување на административни и јавни услуги, на ниво на утврдени стандарди, и зголемување на нивната транспарентност, отчетност и инклузивност преку зголемено учество на граѓаните во донесувањето одлуки.

**Приоритетна цел 4:** Поддршка на интегрираниот и одржлив локален развој, преку воспоставување на правичен, објективен, солидарен, транспарентен и одржлив систем за финансиско воедначување на општините, во тесна соработка со ЗЕЛС.

**Цел на Програмата:**

Инклузивен и оддржлив систем на локалната самоуправа со финансиски стабилни општини кои доставуваат административни и јавни услуги на ниво на утврдени стандарди, и обезбедуваат инклузивен и одржлив локален развој.

**Показатели за успех на Програмата:**

- Пренесени дополнителни надлежности и ресурси од државата на ЕЛС
- Зголемени приходи на општините од сопствени приходи
- Зголемено задоволство на граѓаните и деловните субјекти од услуги обезбедени од страна на општините

**Програмата *е хоризонтална.***

**Потпрограми (компоненти) на ПРОГРАМАТА 1 :**

| | |
|---|---|
| **Потпрограма 1.1:**<br>Децентрализација | **Показател за успешност:**<br>• % на усвоени од Владата Препораки за унапредување на системот на локална самоуправа<br>• % на зголемени сопствени приходи на општините и приходите од централната власт и други извори на финансирање (на годишно ниво)<br>• % на функционални месни самоуправи<br>• Воспоставена платформа за интеракција со пошироката јавност за активностите поврзани со одржливиот развој на локално ниво<br>• Број на изготвени специфични пакети за транспарентно, ефикасно и економично обезбедување на општинските услуги преку користење на ИКТ за сите ЕЛС |
| **Потпрограма 1.2:**<br>Добро раководење и подобрување на квалитетот на живеење | **Показател за успешност:**<br>• Воспоставен и функционален систем за следење на функционалноста на ЕЛС<br>• % на информирани граѓани за работата на ЕЛС и како се трошат нивните пари (на годишно ниво)<br>• % на распределба на капитални и блок дотации согласно методологијата (на годишно ниво)<br>• Воспоставена е-Платформа за одржлив локален/територијален развој<br>• Број на општини кои воспоставиле интегриран систем за следење на квалитетот на животот на локално ниво |
| **Потпрограма 1.3:**<br>Интегриран одржлив локален/територијален развој на ЕЛС | **Показател за успешност:**<br>• Број на општини кои усвоиле интегрирани планови за локален/територијален развој<br>• Број на општини кои усвоиле интегрирани локални акциски планови за подобрување на состојбата на Ромите кои живеат на подрачјето на општината (најмалку 10)<br>• Воспоставена е-Платформа на знаења за општинските советници, градоначалниците, вработените во општинските администрации и граѓанските организации<br>• Број на членови на општинските совети обучени за транспарентно и партиципативно донесување на одлуките |

## ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

**Потпрограма 1.1: Децентрализација**

| АКТИВНОСТ | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток | Крај | Човечки | Финансиски МКД |
| 1. Следење на развојот и предлагање на мерки за унапредување на локалната самоуправа[5] | Сектор за развој на локалната самоуправа | Другите Министерства и Органи на државна управа кои се чинители во процесот на развој и унапредување на локалната самоуправа, ЕЛС, ЗЕЛС, | 1/2022 | 12/2023 | | Донаторски средства |
| 2. Проценка на постојната законска и институционална рамка за одржлив локален/територијален развој | Сектор за развој на локалната самоуправа | МФ, МИОА, МП, МТВ, МЖСПП, МЕ, МОН, МЗШВ, МК, МО, МЗ, МТСП, | 1/2022 | 12/2022 | 7/VII1 Надворешни експерти | Донаторски средства ЕУ / УНДП |

[5] Треба да се конкретизираат во зависност од достапните ресурси

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. Спроведување на годишни истражувања на задоволството на граѓаните од услугите што им ги обезбедува општината | Сектор за развој на локалната самоуправа | Граѓаните | 1/2022 | 12/2023 | 2/VII1 Надворешна експертиза | Донаторски средства ЕУ / УНДП |
| 4. Изготвување извештај за реализацијата на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020, во втора половина на 2019 и 2020 година | Сектор за развој на локалната самоуправа | Надлежни министерства | 3/2022 | 9/2022 | 2/VII1 Надворешни експерти | Донаторски средства ЕУ / УНДП |
| 5. Организирање на годишни конференции за прашања поврзани со децентрализацијата и одржливиот развој на локално ниво | Сектор за развој на локалната самоуправа | Министерства, другите државни институции, организации на граѓанското општество, универзитети, ЗЕЛС, | 1/2022 | 12/2022 | 7/VII1 Надворешни експерти | Донаторски средства ЕУ / УНДП |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. Воспоставување на Платформа за граѓански дијалог | Сектор за развој на локалната самоуправа | Организации на граѓанското општество, | 1/2022 | 12/2022 | 3/VII1 Надворешни експерти | Донаторски средства ЕУ / УНДП |
| 7. Обезбедување на ИТ решенија за административни процедури и процеси за единиците на локална самоуправа | Сектор за развој на локалната самоуправа | ЕЛС | 1/2022 | 12/2022 | Надворешна експертиза | Донаторски средства ЕУ / УНДП |
| 8. Воспоставување на електронска регистрација на грбовите и знамињата на општините | Сектор за развој на локалната самоуправа | Државен завод за индустриска сопственост, ЕЛС | 1/2022 | 12/2022 | 3/VII1 Надворешни експерти | Буџет на РМ |
| 9. Обезбедување на финансиска поддршка (грантови) за иновативни технологии за подобрување на транспарентноста, одговорноста и учеството на граѓаните во процесот на донесување одлуки | Сектор за развој на локалната самоуправа | МФ, ЕЛС | 1/2022 | 12/2022 | 3/VII1 Надворешни експерти | Донаторски средства од SDC/УНДП |
| 10. Спроведување на мерки од извршената анализа на функционалноста на месната самоуправа[6] | Сектор за развој на локалната самоуправа | ЕЛС, месни и урбани заедници | 1/2022 | 12/2022 | 3/VII1 Надворешна експертиза | Да се развие Проект Донаторски средства |

[6] Треба да се конкретизираат во зависност од достапните ресурси

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11. Партиципативна подготовка и донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за локална самоуправа врз основа на направената оценка за негово спроведување. | Сектор за развој на локалната самоуправа | МЛС во соработка со ЕЛС (ЗЕЛС) и ЗГ | 1/2022 | 5/2022 | 2/VII1 Надворешни експерти | Донаторски средства ЕУ / УНДП |
| 12. Партиципативна подготовка и донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за градот Скопје врз основа на направената оценка за негово спроведување. | Сектор за развој на локалната самоуправа | МЛС во соработка со општините во градот Скопје, градот Скопје и ЗГ | 1/2022 | 5/2022 | 2/VII1 Надворешни експерти | Донаторски средства ЕУ / УНДП |
| 13. Мапирање на функции и функционална анализа со цел да се идентификуваат функции од делокругот на надлежност на ЕЛС кои можат поефикасно и поефективно да се извршуваат од страна на урбаните и месни заедници (УМЗ) со цел дополнително да се доближат општинските услуги до до граѓаните. | Сектор за развој на локалната самоуправа | МЛС во соработка со ЕЛС (ЗЕЛС) и ЗГ | 1/2022 | 12/2023 | 2/VII1 Надворешни експерти | Донаторски средства ЕУ / УНДП |
| 14. Воспоставување воедначени минимум стандарди за транспарентност во сите единици на локалната самоуправа заради подигнување на нивото на активна транспарентност преку користење на ВЕБ страниците како основно средство за информирање на граѓаните за работата на органите на ЕЛС и за услугите што ги обезбедува општината | Сектор за развој на локалната самоуправа | МЛС и МИОА во соработка со ЕЛС (ЗЕЛС) и ЗГ | 1/2022 | 12/2023 | 2/VII1 Надворешни експерти | Донаторски средства ЕУ / УНДП |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 15.Дизајнирање на модел за подобри и посилни инспекциски служби на ЕЛС со зголемени човечки ресурси и овластувања заради соодветно справување со предизвиците како и зајакнат надзор врз законитоста на работата на органите на општините. | Сектор за развој на локалната самоуправа | МЛС во соработка со ЕЛС (ЗЕЛС) и ЗГ | 1/2022 | 12/2023 | | Донаторски средства ЕУ / УНДП |
| Вкупно активности во 2022 година: | | | | | | 15 |
| Вкупно активности во 2023 година: | | | | | | 4 |
| Вкупно активности во 2024 година : | | | | | | / |

**Потпрограма 1.2: Добро раководење и подобрување на квалитетот на живеење**

| АКТИВНОСТ | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток | Крај | Човечки | Финансиски МКД |
| 1. Подобрување на хоризонталната и вертикалната комуникација и координација помеѓу различните политики и институции заради остварување на целите за одржлив развој на локално ниво | Сектор за развој на локалната самоуправа | МФ, МИОА, МП, МТВ, МЖСПП, МЕ, МОН, МЗШВ, МК, МО, МЗ, МТСП, ССРД, АКН, ЕЛС, | 1/2022 | 12/2022 | 7/VII1 Надвореш ни експерти | Донаторски средства од ЕУ / УНДП |
| 2. Анализа на состојбата за давање квалитетни јавни услуги од ЕЛС, предвидени со закон, и предлози за измена на законската регулатива согласно наодите од анализата | Сектор за развој на локална самоуправа, Меѓуресорска група, ЛС | Собрание на Р.М, Влада на РМ, МЛС,МФ, други линиски министерства, РГД | 1/2022 | 6/2023 | 3/VII1 | Проект Донаторски средства |
| 3. Унапредување и воспоставување на Центри за услуги | Сектор за развој на локална самоуправа, | ЕЛС | 1/2022 | 6/2023 | 3/VII1 | Проект Донаторски средства |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. Активности за воспоставување на интегриран систем за следење на квалитетот на животот на локално ниво вклучително механизми, критериуми и индикатори за мерење и следење на квалитетот на јавните услуги од ЕЛС предвидени со закон | Сектор за развој на локалната самоуправа | ЕЛС | 1/2022 | 12/2023 | 3/VII1 Надвореш ни експерти | Донаторски средства од ЕУ / УНДП |
| 5. Воспоставување на е-Платформа за одржлив локален / територијален развој, и креирање на ГИС база на податоци во функција на интегрираниот систем за следење на квалитетот на животот на локално ниво | Сектор за развој на локалната самоуправа | ЕЛС | 1/2022 | 12/2022 | 3/VII1 Надвор ешни експер ти | Донаторски средства од ЕУ / УНДП |
| 6. Оценка на капацитетите на општините за прибирање на сопствени приходи и менаџирање со своите финансиски средства и од другите извори на финансирање, | Сектор за финансии, Сектор за развој на локална самоуправа, Меѓуресорска група, ЕЛС | Работна Група за Децентрализација (РГД), Влада на РМ, Меѓуресорска група од претставници на МЛС , МФ , ЗЕЛС и други линиски министерства (Меѓуресорска група) | 1/2022 | 2022 | 3/VII1 | Проект Донаторски средства |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. Годишна конференција за развој на локалната самоуправа | Сектор за развој на локалната самоуправа Државен советник за комуникација на политиките на министе-рството | Надлежни министерства, ЕЛС, експертска јавност | 1/2022 | 12/2023 | 4/VII1 | Програма администрација Донаторски средства |
| 8. Анализа на улогата и статусот на Државниот инспекторат за локална самоуправа | Сектор за развој на локалната самоуправа | Државен инспекторат за локална самоуправа | 1/2022 | 2022 | 2/VII1 Експертска поддршка | Донаторски средства |
| 9. Зајакнување на капацитетите на членовите на општинските совети за транспарентно и партиципативно донесување на одлуките | Сектор за развој на локалната самоуправа | МФ, ЕЛС | 1/2022 | 2022 | 3/VII1 Надвореш ни експерти | Донаторски средства од SDC / УНДП |
| 10. Зајакнување на капацитетите на членовите на општинските совети преку вмрежување, кодификација, институционализација и градење на одржливост | Сектор за развој на локалната самоуправа | ЕЛС | 1/2022 | 2022 | 3/VII1 Надвореш ни експерти | Донаторски средства од SDC / УНДП |
| Вкупно активности во 2022 година: | | | | | | 10 |
| Вкупно активности во 2023 година: | | | | | | 2 |
| Вкупно активности во 2024 година : | | | | | | / |

**Потпрограма 1.3: Интегриран одржлив локален/територијален развој на ЕЛС**

| АКТИВНОСТ | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток | Крај | Човечки | Финансиски МКД |
| 1. Обезбедување на финансиска поддршка за усвојување на интегрирани локални акциски планови за подобрување на состојбата на ромите за 2021 година | Сектор за развој на локалната самоуправа | МЛС | 1/2022 | 2022 | 3/VII1 | БУЏЕТ НА РСМ 3.000.000,00<br><br>За 2022 година се предложени 10.000.00,оо |
| 2. Изготвување на Извештај за степенот на реализација на средствата за поддршка на имплементација на Стратегијата за Ромите за 2019 | Сектор за развој на локалната самоуправа | МЛС | 1/2022 | 2022 | 7/VII1 | Буџет на МЛС |
| 3. Обезбедување на финансиска поддршка (грантови) за општинските развојни проекти избрани низ консултативен процес | Сектор за Рамномерен Регионален развој; Сектор за ЕУ; Сектор за развој на локалната самоуправа | ЕЛС | 1/2022 | 12/2022 | 6/VII1 Надворешни експерти | Донаторски средства SDC / УНДП |
| Вкупно активности во 2022 година: | | | | | | 3 |
| Вкупно активности во 2023 година: | | | | | | / |
| Вкупно активности во 2024 година : | | | | | | / |

## 13.2 ПРОГРАМА 2 - РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

**Оправданост и дизајн на Програмата 2**

***Образложение:***

Програмата 2 **-** Програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност произлегува од**:**

- **Стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата на РСМ содржани во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети за 2022 година**:

  **Приоритет:**

  - Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните.

  **Приоритетната цел:**

  - намалување на разликите во развојот помеѓу и во планските региони и зголемување на нивната конкурентна способност.

- **НПАА :**

  - Поглавје 22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти

- **Стратешки приоритети и цели на Министерството за локална самоуправа**

  <u>**Стратешки приоритет 2**</u>: Поттикнување на рамномерниот развој, намалување на разликите во степенот на развиеност меѓу и во планските региони.

  **Цели:**

  <u>**Приоритетна цел 1:**</u> Надградување на политиките за рамномерен регионален развој и зголемување на годишните средства за рамномерен регионален развој.

  <u>**Приоритетна цел 2:**</u> Системско следење и евалуација на распределбата и трошењето на средствата од различни ресори кон планските региони, во согласност со степенот на развиеност.

  **Цел на Програмата:** Надградба на правната рамка, зголемување на распределбата и искористеноста на средствата преку МЛС и БРР, следење на распределбата и искористеноста на средствата во функција на рамномерниот регионален развој.

  **Показатели за успех на Програмата**:

  - % на зголемување на вкупно распределените средства за поддршка на рамномерниот регионален развој
  - Воспоставен и функционален систем за следење на распределбата и искористеноста на средствата за РРР;
  - Воспоставен и функционален протокол за вклучување на граѓанското општество

  **Програмата е хоризонтална.**

| **Потпрограми (компоненти) на Програмата :** | |
|---|---|
| **Потпрограма 2.1:** Програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност | **Показател за успешност:**<br>1. % на годишно зголемување на распределените средства за РРР преку МЛС и БРР<br>2. % на искористеност на распределните средства за РРР преку МЛС и БРР (95%)<br>3. Висина на реализирани средства за РРР преку другите линиски министерства |
| **Потпрограма 2.2:**<br>Правна рамка за поттикнување рамномерен регионален развој | **Показател за успешност:** Донесени пет акти за поттикнување рамномерен регионален развој**.** |

**ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ**

**Потпрограма 2.1: Програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност**

| АКТИВНОСТ | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток | Крај | Човечки | Финансиски [MKD] |
| 1. Предлог Програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност | Сектор за рамномерен регионален развој | Биро за регионален развој | 01/2022 | 12/2022 | 2/VII1 | Програма администрација и Потпрограма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност |
| 2. Подготвување на образец и насоки за поднесување на Предлог-проекти од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност, за корисниците | Сектор за рамномерен регионален развој | Биро за регионален развој | 01/2022 | 02/2022 | 1/ VII1 | Програма администрација и Потпрограма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.Објавување на отворен јавен повик за финансирање на предлог- проекти по одделни мерки и активности за рамномерен регионален развој, наведени во Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност | Сектор за рамномерен регионален развој | Биро за регионален развој | 01/2022 | 12/2022 | 1/ VII1 | Програма администрација и Потпрограма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност |
| 4.Спроведување на постапката за прибирање и оценување на предлог - проектите за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност | Сектор за рамномерен регионален развој | Биро за регионален развој,<br><br>Кабинет на Заменик Претседателот на Владата на РСМ, задолжен за економски прашања и инвестиции | 02/2022 | 31/2022 | 2/ VII1 | Програма администрација и Потпрограма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Подготвување на Предлог Одлука за избор на проекти од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност | Сектор за рамномерен регионален развој | | 03/2022 | 31/2022 | 1/ VII1 | Програма администрација и Потпрограма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност |
| 2. Подготвување на договори за реализација на избраните проекти од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност, со корисниците | Сектор за рамномерен регионален развој | Биро за регионален развој | 03/2022 | 12/2022 | 5/VII1 | Програма администрација и Потпрограма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Следење на користењето на средствата во текот на реализацијата на склучените договори за реализација на избраните проекти од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност | Сектор за рамномерен регионален развој | Биро за регионален развој, Совет за РРР | 04/2022 | 12/2022 | 5/VII1 | Програма администрација и Потпрограма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност |
| 4. | Подготвување на Годишен Извештај за спроведување на Стратегијата за регионален развој 2021-2031 година | Сектор за рамномерен регионален развој. | Биро за регионален развој, Совет за РРР | 10/2022 | 12/2022 | 5/VII1 | Програма администрација и Потпрограма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. Подготвување на Предлог Одлука за избор на проекти од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност | Сектор за рамномерен регионален развој | | 03/2022 | 31/2022 | 1/ VII1 | Програма администрација и Потпрограма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност |
| 6. Подготвување на договори за реализација на избраните проекти од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност, со корисниците | Сектор за рамномерен регионален развој | Биро за регионален развој | 03/2022 | 12/2022 | 5/VII1 | Програма администрација и Потпрограма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. Следење на користењето на средствата во текот на реализацијата на склучените договори за реализација на избраните проекти од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност | Сектор за рамномерен регионален развој | Биро за регионален развој, Совет за РРР | 04/2022 | 12/2022 | 5/VII1 | Програма администрација и Потпрограма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност |
| 8. Подготвување на Годишен Извештај за спроведување на Стратегијата за регионален развој 2021-2031 година | Сектор за рамномерен регионален развој. | Биро за регионален развој, Совет за РРР | 10/2022 | 12/2022 | 5/VII1 | Програма администрација и Потпрограма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
